ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-132/9

Дата: 30.11.2011

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст министерство), сметка на основниот буџет (637) за 2010 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразивме негативно мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба, позитивно мислење за Билансот на приходи и расходи како и мислење со резерва за усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизија на постојаните средства со кои располага министерството констатирано е дека не е воспоставена сметководствена евиденција во деловните книги и нема доставено податоци за вредноста до Државниот завод за геодетски работи, ниту до Министерството за финансии за вкупната вредност на движните ствари кои ги користи со состојба на 31 декември во тековната година.
Во текот на ревизијата, заради утврдување на вредноста на недвижниот имот, од страна на раководното лице на министерството, доставени се барања за податоци за вредноста на недвижниот имот (дел од административно - деловен

објект и деловни простории во 16 градови), до институциите кои биле претходни корисници на недвижните ствари.
Ревизијата препорачува министерството да превземе мерки и активности по утврдување на вредноста на недвижните ствари, да воспостави нивна евиденција и податоците за истите да ги достави до надлежните органи.

Министерството нема превземено активности за вршење на целосен и квалитетен попис на средствата и изворите на средствата за 2010 година, при што ревизијата препорачува раководното лице на министерството да превземе мерки за целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата во сите фази, утврдување на фактичката состојба, пополнување на сите потребни податоци во пописните листи и нејзино усогласување со сметководствената состојба и донесување на одлука за постапување по предлозите за утврдените состојби со пописот.

При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, ревизијата констатира одредени состојби кои упатуваат на несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка, односно не е извршена измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки за 2009 и 2010 година во износ од 516.673 илјади денари.

Со Буџетот на Република Македонија за 2010 година во разделот на министерството предвидени се средства за развојна програма Потпрограмата НА – Развој и имплементација на информациски и комуникациски технологии. Во рамките на оваа потпрограма е предвидено спроведување на низа проекти во функција на развојот на информациските и комуникациските технологии во Република Македонија, во чија реализација ревизијата констатира одредени недоследности (точка 4.3.2.) за кои препорачуваме раководното лице на министерството да ги задолжи вработените одговорни за реализација на активностите од проектите, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и нивна целосна реализација.

Од страна на раководното лице на министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и дел не се прифатени, поради тоа што претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, дел од забелешките се прифаќаат поради дополнително доставена документација, додека делот кој се однесува на постапување на раководните и надлежните органи по дадените препораки, соодветно е обелоденето во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 17-19 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за информатичко општество и администрација сметка на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерството за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- М-р Иво Ивановски, министер, од 26.07.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во

финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството/сметка на основен буџет (637) се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените

сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.05.2011 до 11.07.2011 година кај Министерството/сметка на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 29.08.2011 година.

На ден 04.11.2011 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор заведени под број 09-132/8 од 04.11.2011 година.
Забелешките се разгледани и дел не се прифатени, поради тоа што претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, освен забелешките на точка 4.3.2. во делот на Проектот “Набавка на 50 учебници на македонски јазик од реномирани странски автори од областа на информациските и комуникациските технологии” и тоа: во делот на алинеја 2, склучен договор, се прифаќа поради дополнително доставена документација, додека делот кој се однесува на донесување на акти од страна на раководните и надлежните органи соодветно е обелоденет како постапување во Конечниот извештај.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 4.1. Интерни контроли

При оценка на системот на интерни контроли на процесот на набавки и плаќања во делот на евидентирање на влезни фактури констатиравме постоење ризик од непостоење на контрола, координација и ненавремено евидентирање на истите во сметководствената евиденција и соодветно презентирање во финансиските извештаи. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Наведената состојба создава ризик управување со влезните фактури да не се врши на законски, ефективен и ефикасен начин што придонесува за намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на раководното лице на министерството донесено е Решение за формирање на работна група и изготвен е предлог Работно упатство за прием и исплата на фактура, кој акт се уште не е усвоен.

**Препорака:**

Раководното лице на министерството да превземе понатамошни мерки и активности за донесување/усвојување на изготвениот интерен акт како и негова доследна примена во работењето.

### 4.2. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.2.1. Со ревизија на постојаните средства со кои располага Министерството како орган на државната управа, констатирани се следниве состојби:

- согласно Одлуката за давање на користење на недвижна ствар број 19-3969/1 од 19.08.2008 година донесена од Влада на Република Македонија, заради извршување на работите и задачите, на министерството му е доделено на користење дел од административно - деловен објект, како и со Одлука за престанок и давање на користење на недвижна ствар на Министерството за информатичко општество број 19-5189/1 од 21.10.2008 година донесена од страна на Владата на РМ, за реализација на Проектот "Светот на дланка" на министерство му се даваат на трајно користење недвижни ствари - деловни простории во 16 градови на територијата на Република Македонија. За недвижните ствари со кои располага

министерството, не е воспоставена сметководствена евиденција во деловните книги што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Министерството не води внатрешна евиденција на недвижните ствари и нема доставено до Државниот завод за геодетски работи податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31 декември тековната година, што не е во согласност со член 87 и 88 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и

- Министерството нема доставено податоци до Министерството за финансии за вкупната сметководствена вредност на движните ствари кои ги користи со состојба на 31 декември во тековната година, што не е во согласност со член 90 од наведениот закон.

Ваквите состојби придонесуваат постојаните средства во финансискиот извештај на министерството, Биланс на состојба, да се нереално и необјективно прикажани, што има за ефект податоците за вкупната вредност на движните и недвижните ствари со кои располага Република Македонија да се некомплетни и нецелосни.

Во текот на ревизијата, од страна на раководното лице на министерството, доставени се барања за податоци за вредноста на недвижниот имот (дел од административно - деловен објект и деловни простории во 16 градови), до институциите кои биле претходни корисници на недвижните ствари.

**Препорака:**

По утврдување на вредноста на недвижните ствари министерството да воспостави сметководствена евиденција во деловните книги, да воведе внатрешна евиденција на недвижните ствари и на крајот од секоја година да доставува податоци за сметководствената вредност на недвижните и движните ствари до Државниот завод за геодетски работи и Министерството за финансии.

4.2.2. Министерството нема превземено активности за вршење на целосен и комплетен попис на средствата и изворите на средствата за 2010 година, при што ревизијата ги констатира следниве состојби:

- со Решение за формирање на комисија за попис со состојба 31.12.2010 година, за претседател на комисијата именувано е лице со работно место Раководител на одделение за внатрешна ревизија. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија и создава услови за нарушување на организациската, професионалната и функционалната независност на Одделението за внатрешна ревизија;
- одговорното лице нема донесено конечна одлука/решение за начинот на постапување по предлозите констатирани во Извештајот од извршениот попис на основните средства во Министерството за информатичко општество за 2010 година заради усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;
- за недвижните ствари не се изготвени пописни листи, врз основа на документи за сопственост, локација и големина на имотот;
- не е извршен попис на обврските и на паричните средства во благајна, односно не се обезбедени информации и документација за точноста на состојбата на истите;
- пописните листи за опремата не се целосно пополнети, односно не содржат вредносни показатели, потребни да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба на опремата.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што предизвикува неможност од усогласување и потврдување на сметководствената со фактичката состојба на средствата, обврските и изворите на средствата, потврдување на целосноста и сеопфатноста на искажаните податоци како и нереално прикажување на истите во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Раководното лице на министерството да превземе мерки за целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата во сите фази, утврдување на фактичката состојба, пополнување на сите потребни податоци во пописните листи и

нејзино усогласување со сметководствената состојба и донесување на одлука за постапување по предлозите за утврдените состојби со пописот.

4.2.3. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации за усогласување на обврските искажани во финансиските извештаи. Од вкупниот број на испратени конфирмации за усогласување на обврските добиени се четири одговори за усогласеноста со евиденцијата на Министерството, што претставува 40 % од вкупниот износ на испратени конфирмации. Поради малиот број на добиени одговори, ревизијата не е во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните обврски во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Министерството да преземе активности за усогласување на обврските најмалку еднаш годишно, со цел нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи.

## 4.3. Користење на средства согласно законски прописи

4.3.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2009 и 2010 година, извршивме ревизија и опфативме 99% од вредноста на склучените договори односно износ од 1.707.807 илјади денари, при што констатиравме дека:

- не е извршена измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки за 2009 и 2010 година за спроведени 6 постапки за јавна набавка во износ од 516.673 илјади денари. Утврдената состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки и
- во текот на 2010 година донесена е Одлука за јавна набавка на услуги од агенции за привремени вработувања, во која се наведува дека постапката ќе се спроведе по пат на барање за прибирање на понуди без објавување на оглас. Со извршените детални тестирања на спроведената постапка и склучениот договор по истата ревизијата утврди дека во известувачкиот период на име бруто плата за привремени вработувања превземени се обврски во износ од 23.454 илјади, додека пак на име провизија за услуги за привремени вработувања превземени се обврски во износ од 977 илјади денари. Од вака утврдената состојба ревизијата констатираше дека

министерството пред отпочнување на постапката извршило неправилна процена на вредноста на договорот поради што применета е несоодветна постапка за јавна набавка што не е во согласност со член 3 и член 5 став 1 алинеја 1 од Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавна набавка и одредбите од Законот за јавните набавки.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавни набавки предизвикува можност од необезбедување фер конкуренција, нееднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**
Раководното лице на министерството да ги задолжи вработените, одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби.

**Развојни програми**

4.3.2. Со Буџетот на Република Македонија за 2010 година во разделот на министерството предвидени се средства за развојна програма Потпрограмата НА – Развој и имплементација на информациски и комуникациски технологии. Во рамките на оваа потпрограма е предвидено спроведување на низа проекти во функција на развојот на информациските и комуникациските технологии во Република Македонија. Со ревизија на превземените активности за реализација на проектите предвидени во рамките на наведената потпрограма констатирани се следниве состојби:

***Проект "Набавка на 50 учебници на македонски јазик од реномирани странски автори од областа на информациските и комуникациските технологии"***

Извршено е доделување на договори за јавна набавка и испорака на учебници на македонски јазик од реномирани странски автори во областа на информациските и комуникациските технологии. Со ревизија на договорите и документацијата со кои се врши

плаќањето, примопредавањето, распределбата и дистрибуцијата на печатените книги констатирани се следните состојби:

- носителите на набавката согласно член 6 од склучените договори се согласни во случај набавката/испораката да не се изврши во утврдениот рок, на министерството да му исплатат договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определена со договорот, за секој ден доцнење. И покрај тоа што дел од нив не одговориле навремено и во целост на обврските согласно договорите, министерството не превземало мерки и активности за пресметување и наплатување на договорните казни согласно одредбите од договорите остварување приход по основ на истите, како и реализација на договорот;
- на ревизијата и беше презентиран Записник за примопредавање кој архивски не е заверен, без дата на извршено примопредавање, потпишан од лица претставници од двете министерства, согласно кој во текот на 2010 и 2011 година извршено е примопредавање на 46.765 примероци (47 учебници во тираж од 995 примероци). Ревизијата констатира дека за 31.840 примероци (32 учебници во тираж од 995 учебници), извршено е примопредавање без донесена одлука од страна на Владата на Република Македонија за престанок и давање на трајно користење на движни ствари- книги.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на доделените договори за јавна набавка и одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и има за ефект извршено примопредавање на движни ствари-книги за кои во целост нема донесено одлука од страна на Владата на Република Македонија, поради што ревизијата не ја потврдува целосната на извршените активности односно не го потврдување приемот, испораката и нивната дистрибуција.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на надлежните органи донесена е Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари на Министерството за образование број 51-4643/1 од 06.09.2011 година и склучен е Договор за примопредавање на движни ствари број 03-3701/1 од 14.10.2011 година.

***Проект „Компјутер за секое дете,,***

Извршено е доделување на договори за јавна набавка и испорака на преносни компјутери и информатичка опрема за потребите на основните и средните училишта. Со ревизија на договорите и документацијата со кои се врши плаќањето, примопредавањето, распределбата и дистрибуцијата на преносните компјутери и информатичката опрема, утврдени се следните состојби:

- на ден 16.11.2009 година Владата на Република Македонија донела одлука број 19-5681/1 за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општините, со која правото на користење на движните ствари - преносни компјутери, од Министерството за информатичко општество го превземаат општините, за потребите на основните училишта за ученици од прво до трето одделение. За уредување на меѓусебните права и обврски за движните ствари, согласно член 3 од горенаведената одлука, потребно е министерот за информатичко општество да склучи договор со градоначалниците на општините кои ги превземаат движните ствари. Министерството постапило согласно донесената одлука, извршено е предавање на движните ствари на трајно користење на општините, за што изработен е документ - испратница за извршеното примопредавање согласно бројот, видот и корисникот на преносните компјутери. Од страна на министерството се изработени и потпишани договори за давање на трајно користење на движни ствари кои се доставени до општините. До денот на вршење на ревизијата, од вкупно 83 општини на кои им биле доставени договорите (51.979 преносни компјутери со вредност од 14.648.202 USD или 680.116 илјади денари), министерството нема добиено потпишани/склучени договори за давање на трајно користење на движни ствари од уште 8 општини за вкупно 9.930 преносни компјутери со вредност од 2.798 илјади USD или во износ од 129.911 илјади денари што претставува 19% од вкупната вредност на преносните компјутери кои биле дадени на трајно користење на општините и
- На ден 09.03.2010 година Владата на Република Македонија донела одлука број 51-1302/1 за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општините, со која правото на користење на движните ствари - преносни компјутери од Министерството за информатичко општество го превземаат општините за потребите на основните училишта, средните

општински училишта и средните училишта на Градот Скопје за ученици од прво до трето одделение. За уредување на меѓусебните права и обврски за движните ствари согласно член 3 од горенаведената одлука, потребно е министерот за информатичко општество да склучи договор со градоначалниците на општините кои ги превземаат движните ствари. Министерството постапило согласно донесената одлука, извршено е предавање на движните ствари на трајно користење на општините, за што изработен е документ - испратница за извршеното примопредавање согласно бројот, видот и корисникот на преносните компјутери. Од страна на министерството се изработени и потпишани договори за давање на трајно користење на движни ствари кои се доставени до општините. До денот на вршење на ревизијата, од вкупно 82 општини на кои им биле доставени договорите (21.567 преносни компјутери со вредност од 234.606 илјади денари), министерството нема добиено потпишани/склучени договори за давање на трајно користење на движни ствари од уште 11 општини за вкупно 6.448 преносни компјутери со вредност од 70.141 илјади денари, што претставува 30% од вкупната вредност на преносните компјутери кои биле дадени на трајно користење на општините.

Утврдената состојба не е во согласност со член 54 од Законот за користење и располагање со ствари на државните органи и со одредбите од горенаведените одлуки согласно кои државните ствари се даваат на користење од едни на други државни органи со договор и има за ефект отсуство на уреденост на меѓусебните права и обврски заради обезбедување соодветни услови за непречено користење на информатичката опрема од стана на крајните корисници и ризик од грешки и злоупотреба на наведените движни ствари.

**Препорака:**

Раководното лице со министерството да ги задолжи вработените одговорни за реализација на активностите од горенаведените проекти да превземаат активности за надминување на утврдените состојби.

***Проект „Ви-Фи точки во руралните средини на територија на Република Македонија„***

Извршено е доделување на договори за јавна набавка за испорака на услуга – интернет киосци со безжичен пристап. Со увид во расположливата документација утврдено е дека:

- до денот на вршење на ревизијата од вкупно 680 предвидени интернет киосци, поставени се вкупно 517 интернет киосци. Од поставените 517 интернет киосци, 298 киосци не се поставени согласно предвидената динамика во склучените договори и
- носителите на набавката, согласно член 12 од склучените договори, се согласни во случај набавката/испораката да не се изврши во утврдениот рок, на министерството да му платат договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определена со договорот, за секој ден доцнење.

И покрај тоа што дел од носителите на набавката не одговориле навремено и во целост на обврските согласно договорите, министерството не превземало мерки и активности за пресметување и наплатување на договорните казни заради остварување приход по основ на истите.

Со Извадок од Нацрт-записникот од 219 седница на Владата на Република Македонија бр. 51-1515/1 од 15.03.2011 година, Владата ја разгледала Информацијата за инсталирање на WI-FI точки по руралните средини на Република Македонија и усвоила заклучоци, за кои во тек е превземање на активности од страна на Министерството. Имено, Владата на Република Македонија го задолжува Министерството да поведе постапка и превземе мерки согласно договорите за пресметување на договорна казна на економските оператори кои доцнат со изведбата на проектот до 31.03.2011 година. Исто така Министерството треба во рок од 60 дена да оствари средби со градоначалниците и директорите во општините каде има застој и проблеми во реализацијата на проектот и за тоа да ја информира Владата најкасно до 31.05.2011 година.

Ревизијата не дава препорака бидејќи започнувајќи од месец јуни 2011 година министерството пристапило кон пресметување на договорна казна на оние економски оператори кои доцнат со реализација на проектот.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупните ефекти од изнесените констатации во точките 4.2.1.,4.2.2. и 4.3. се однесуваат на невоспоставена сметководствена евиденција на недвижните ствари, неспроведување на целосен попис на средствата и изворите на средствата, несоодветно постапување во доделување на договорите за јавна набавка и нецелосност на извршените активности за реализација на дел од проектите предвидени со развојните потпрограми.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.1. и 4.2.2., Билансот на состојба не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за информатичко општество и администрација, на ден 31.12.2010 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за информатичко општество и администрација, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

6.1. Во рамките на Програмите за работа на Владата на Република Македонија во периодот 2008-2012 предвидено е спроведување на низа проекти во функција на развојот на информациските и комуникациските технологии во Република Македонија. Спроведувањето на овие проекти е надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација.

За доследна реализација на активностите од Програмите за работа на Владата на Република и реализација на проектите, ревизијата смета за потребно да потенцира дека истите треба соодветно/детално да се

предвидени во годишната програма за работа на министерството, со дефинирани поединечни активности, рокови за нивно извршување, одговорни лица за имплементација, со индикатори како показатели за степенот на реализацијата, потребни средства и извори на средства, со цел следење на динамиката на реализацијата на проектите, утврдување на можни проблеми, предлози и решенија за нивно надминување.

6.2. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Министерството во текот на ревизијата:

- Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2010 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2010 година, кои што како ефекти од ревизијата ја зголемуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2010 година за 107.768 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 001000 од 05.01.2011 година.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.2. | 697,267 | 721,265 |
| **Вкупно приходи** | | **697,267** | **721,265** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 10,060 | 5,569 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 84,852 | 55,022 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **94,912** | **60,591** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4.1. | 602,355 | 660,674 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **602,355** | **660,674** |
| | | | |
| Вкупно расходи | | 697,267 | 721,265 |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2010** | **2009** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 97 | 83 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 0 | 5 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 108,784 | 690 |
| **Вкупно тековни средства** | | **108,881** | **778** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Материјални средства | | 97,556 | 600,548 |
| **Вкупно постојани средства** | | **97,556** | **600,548** |
| **Вкупна актива** | | **206,437** | **601,326** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 107,768 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1,016 | 709 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 97 | 69 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **108,881** | **778** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 97,556 | 600,548 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **97,556** | **600,548** |
| **Вкупна пасива** | | **206,437** | **601,326** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **600,548** | - | **600,548** |
| **Зголемување по основ на:** | **638,278** | - | **638,278** |
| Набавки | 632,211 | - | **632,211** |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 6,067 | - | **6,067** |
| **Намалување по основ на:** | **(1,141,270)** | - | **(1,141,270)** |
| Амортизација на постојани средства | (52,033) | | **(52,033)** |
| Преостапени движни ствари по одлуки на влада | (1,089,237) | - | **(1,089,237)** |
| Потрошок | - | - | - |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **97,556** | - | **97,556** |

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул.Македонија бр.12/3
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 04.11.2011
09-132/8

Архивски бр.26-3990/2
Дата: 03.11.2011

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

ул."Мито Хаџи-Василев Јасмин" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

Предмет:Забелешки по Нацрт извештај
Врска: Ваш број 09-132/3 од 04.10.2011 година

Почитувани,

По добивањето на нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за информатичко општество и администрација-сметка на основниот буџет(637) за 2010 година, согласно на член 30 став 2 од Законот за државна ревизија (Сл.Весник на РМ бр.66/10 и 145/2010), во законски предвидениот рок ви доставуваме појаснувања и наши забелешки:

1.Во однос на точката 4.1-Интерни контроли, констатиран е наод за постоење на ризик од непостоење контрола, координација и ненавремено евидентирање на влезните фактури и давате препорака раководното лице да донесе акт со кој ќе се уреди постапката за управување на влезните фактури.

За оваа точка од Вашиот Нацрт извештај ве информираме дека Министерството е во постапка на имплементација на стандардот ИСО 9001:2008-Систем за управување со квалитет. При имлементирањето на овој стандард, од страна на работната група утврдени се повеќе процеси и процедури, меѓу кои и процесот за Управување со финансиски прашања. Во рамките на овој процес, покрај останатите процедури изготвена е и процедура за прием и исплата на фактура, според која на детален начин е опишан опсегот, улогите, одговорностите и предвидените активности со опис на релевантните чинители.

2.Во однос на точката 4.2.2, констатиран е наод дека министрството нема превземено активности за вршење

[redacted]

целосен и комплетен попис на средствата и изворите на средствата и давате препорака да се превземат мерки за целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата во сите фази.

За оваа точка од вашиот Нацрт извештај ве известуваме дека министерството ќе ги има во предвид сите насоки наведени во препораката и ќе превземе мерки за отстранување на констатираните неусогласености со Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Сепак, напоменуваме дека констатираните неусогласености со цитираниот Закон и правилник се резултат на кадровската недоекипираност на Министерството, како и зголемениот обем на работи и задолженија на постојниот персонал во поглед на престојната трансформација на министерството. Во годината предмет на ревизија(2010), иако според Правилникот за систематизација на работните места беа предвидени 84 извршители, пополнетоста достигна 22-23%. Воедно би сакале да напоменеме дека со измените и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за информатичко општество и администрација се трансформира во Министерство за информатичко општество и администрација, со кое нешто се зголеми надлежноста на овој орган. Согласно актите за систематизација и организација е предвиден сектор за општи работи, кој во моментот не е целосно кадровски пополнет. Со евентуалното негово доекипирање со доволен број на извршители ќе се создадат претпоставки за отстранување на констатациите утврдени во наодите и препораката.

3. Во однос на точката 4.3.1, констатиран е наод дека министрството несоодветно постапува во доделувањето на договорите за јавни набавки, со препорака да се задолжат вработените да ги превземат потребните активности за надминување на утврдените состојби.

За оваа точка од Вашиот Нацрт извештај ве известуваме дека министерството ќе ги има во предвид сите насоки наведени во препораката и ќе превземе мерки за отстранување на констатираните неусогласености со Законот за јавни набавки и Правилникот за проценувањена вредноста на договорите за јавна набавка. Како и во претходната точка, напоменуваме дека констатираните неусогласености со

Архивски бр. ________
Дата:
Република Македонија
Министерство за
информатичко општество
и администрација

ул."Мито Хаџи-Василев Јасмин" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

Архивски бр. ___________
Дата:
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

ул."Мито Хаџи-Василев Јасмин" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

цитираниот Закон и правилник се резултат на кадровската недоекипираност на Министерството, како и зголемениот број задолженија на постојниот персонал. Во однос на наодот дека не е извршена измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки за спроведени 6 постапки за јавни набавки, би напоменале дека цитираните постапки се предвидени со Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, и Министерството беше должно да ги спроведе.

4.Во однос на точката 4.3.2-Развојни проекти, во рамките на проектот набавка на 50 учебници на Македонски јазик од реномирани странски автори од областа на информациските и комуникациските технологии, констатирана е состојба која не е во согласност со законот за користење и располагање со стварите на државните органи, односно не се превземени сите активности од цитираниот закон, и давате препорака да се превземат активности за надминување на утврдените состојби. Министерството изјавува забелешка на наодите утврдени во оваа точка со следното појаснување:

-со Министерството за образование и наука склучен е договор за примопредавање на движни ствари-учебници(за 15 учебници) од 22.04.2010 со арх.бр.03-504/1, кој ви го доставуваме во прилог;

-за преостанатите 32 учебника одлуката е донесена подоцна, поточно во 9 месец оваа година, врз основа на која е склучен и договор, кои ви ги доставуваме во прилог. Оваа одлука подоцна е донесена имајќи го во предвид предизборниот и постизборниот период, период во кој Државната комисија за спречување на корупција има доставено мислење според кое во наведениот период се предлага одложување на донесување на одлуките со кои се даваат ствари на користење или бара дополнителни информации за видот на стварите кои се даваат на користење.

Во истата точка, но во рамките на проектот Компјутер за секое дете, констатирана е состојба која не е во согласност со член 54 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и со одредбите од наведените одлуки и има за ефект отсуство на уреденост на меѓусебните права и обврски, и давате препорака да се превземат активности за надминување на утврдените состојби. Како и за претходниот

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

проект, Министерството изјавува забелешка на утврдените наоди со следното појаснување:

-Во конкретниот случај не се работи за повреда на Законските одредби со кои се уредуваат прашањата за преносот на правото на трајно користење на наведените движни ствари во дел од општините(8 и 11 општини) наведени во нацрт извештајот. Министерството за информатичко општество и администрација од своја страна ги презеде сите законски и правни средства за реализацијата на Одлуката на Владата на Република Македонија бр.19-5681/1 од 16.11.2009 година, пристапи кон исполнување, изврши соодветна дистрибуција за кое нешто постои целосна документација (испратници, договори и сл.). Наведените исправи беа презентирани на увид на ревизорскиот тим. За поткрепа на наводите дека се доставени договорите до сите општини се презентирани и извадоци од доставната книга (за место бр.14), како и книгата за поштенски пратки (приемна). Во конкретниот случај не е спорен фактот дека преносот на трајно користење е реално извршен за кое нешто е потврдено со соодветна документација, но заради објективни околности кои се присутни во дел од општините не се вратени потпишани договрите, и покрај фактот што е извршен приемот на соодветната опрема.

Со почит

МИНИСТЕР
М-р Иво Ивановски

Архивски бр. ___________
Дата:
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

ул."Мито Хаџи-Василев Јасмин" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

**Прилог број 2**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 04.11.2011 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за информатичко општество и администрација за сметката на основен буџет (637) од раководното лице на министерството, број 26-3990/2 од 03.11.2011 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-132/8.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **<u>точката 4.1.</u>** која се однесува на мерките и активностите кои се потребни да се преземат во насока на донесување на интерен акт со кој ќе се уреди постапката за управување со влезните фактури, **<u>претставува известување</u>** за постапување по дадената препорака. Раководното лице со министерството информира дека во тек е имплементација на ИСО 9001:2008 – Систем за управување со квалитет, како и донесено е Решение за формирање на работна група како и предлог Работно упатство за прием и исплата на фактура, кој акт се уште не е донесен/усвоен од страна на раководното лице. Имајќи во предвид дека формирањето на работната група и изготвувањето на наведениот интерен акт претставува активност во тек, насочена кон отстранување на утврдената состојба, истото соодветно ќе биде презентирано во Конечниот извештај.

2. Забелешката на констатираната состојба во **<u>точката 4.2.2.</u>** која се однесува на начинот на извршениот попис, превземените активности по истиот и содржината на пописните листи, **<u>претставува известување</u>** за причините кои довеле до утврдената состојба, со што ја потврдува истата.

3. Забелешката на констатираната состојба во **<u>точката 4.3.1.</u>** која се однесува на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, **<u>претставува известување</u>** за причините кои довеле до утврдената состојба, со што ја потврдува истата.

---

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________

4. За забелешките на констатираните состојби во делот на **точката 4.3.2.** кои се однесуваат на превземени активности за реализација на проектот "Набавка на 50 учебници на македонски јазик од реномирани странски автори од областа на информациските и комуникациските технологии" констатирано е следното:
   - забелешката во делот на **алинеја 2** која се однесува на тоа дека не е склучен договор помеѓу Министерство за информатичко општество и администрација и Министерство за образование и наука за уредување на правата и обврските за трајно користење на движни ствари **се прифаќа,** поради дополнително доставена документација. Раководното лице на министерството во прилог на забелешките достави склучен Договор за примопредавање на движни ствари-книги помеѓу Министерство за информатичко општество и администрација и Министерство за образование и наука број 03-504/1 од 22.04.2010 година, поради што делот од наведената алинеја не претставува составен дел на Конечниот извештај;
   - забелешката во делот на **алинеја 2** која се однесува на тоа дека е извршено примопредавање на движни ствари-книги помеѓу Министерство за информатичко општество и администрација и Министерство за образование и наука без донесена одлука од страна на Влада на Република Македонија за престанок и давање на трајно користење на движни ствари-книги **претставува известување** за постапување. Раководното лице со министерството во прилог на забелешките достави Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари на Министерството за образование број 51-4643/1 од 06.09.2011 година и склучен Договор за примопредавање на движни ствари број 03-3701/1 од 14.10.2011 година. Превземените активности од страна на надлежните органи во делот на донесување на актите ќе бидат соодветно обелоденети во Конечниот извештај.

5. Забелешката на констатираната состојба во делот на **точката 4.3.2**. која се однесува на превземени активности за реализација на Проектот "Компјутер за секое дете" **претставува известување** за причините кои довеле до утврдената состојба со што ја потврдува истата. Наведените објаснувања и образложенија ревизијата ги имаше во предвид во фазата на извршување.

---

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________